

**УМЕТНОСТА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТОНН. УМЕТНОСТА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО**

MD 10-12/6.99

# Убавината на животот и креацијата - единствена смисла на постоењето

*Уметничките асоцијации се почесто го искажуваат својот протест против насилството што се случува на север од Македонија. Писателите, сликарите, скулпторите, композиторите, филмските работници и другите творци со разни обраќања и апели до јавноста ја потенцираат единствената вредна смисла на човековото постоење - создавањето наспроти уривањето, убавината наспроти грдоста, радоста наспроти тагата...*

Веројатно, Велигденските празници како денови на обновувањето и радувањето, ја интензивираа кај творците секогаш присутната потреба за посреќно и помирно решение на човечките недоразбирања и враќање на мирот како најкреативната клима за создавање. Во предвелигденските денови, своите апели против насилството ги дистрибуираа советот на асоцијациите од областа на културата, ДЛУМ и фондацијата "Балканика".

Советот на асоцијациите од областа на културата што го сочинуваат Друштвото на писателите, Сојузот на композиторите, Друштвото на ликовните уметници, Друштвото на филмските уметници, Сојузот на музичките уметници и Сојузот на литературните преведувачи го крева гласот против секаков вид насилства и решавање на конфликтите по пат на војна.

"На прагот на новиот милениум, сведоци сме на одново пројавеното зло над Балканот, кое се закaнува да ги уништи културните добра и творечкиот дух, меѓусебната соработка на народите, елементарното достоинство на човекот и хуманите вредности на животот" се вели во обраќањето до јавноста на Советот на асоцијациите од областа на културата.

"Сочувствувајќи со страдањата на жртвите од војната и насилството, творците на Македонија апелираат до сите инволвирани страни да му се вратат на гласот на разумот и истовремено ги поддржуваат напорите на македонската држава и на сите фактори за изнаоѓање ненасилно, праведно и трајно решение на конфликтите и во истрајувањето да се одбрани мирот и достоинството на Македонија" се вели во ова обраќање.

И членовите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, живеејќи и творејќи во непосредна близина на војната што се случува на просторот на СРЈугославија, го упатуваат својот апел до сите инволвирани страни, недоразбирањата кои очигледно постојат, да се решат не со војна, туку со преговори и взаемно човечко почитување и разбирање.

"Ќе биде трагично ако Балканот, Европа и светот влезат во третиот милениум, носејќи војна во рацете. Франциско Гоја, Ежен Делакроа, Пабло Пикасо, Димо Тодоровски или Борко Лазески во своите дела го сликаа апокалиптичниот звук на куршумите и деструкцијата што секоја војна ги носи со себе. Низ ликовната историја, илјадници творци го бележеа гласот на жртвите од воjните и страдањата на невините. Наспроти војната, творештвото отсекогаш било систем на комуникација, духовна светлина за благородни односи меѓу луѓето. Прекрасниот глас на секое раѓање, физичко или творечко, ја најавува убавината на животот и креативниот чин, кој не посочуваат кон единствената вредна смисла на нашето постоење".

И фондацијата "Балканика", основана од издавачи од седум балкански земји, која веќе две години ја доделува истоимената престижна книжевна награда, испрати апел за запирање на војната. Нивното обраќање донесува конкретни предлози, упатени до сите инволвирани во воената криза, а забелешките се дотолку поинтересни бидејќи доаѓаат од писателите од соседните земји, кои, исто така драстично ги чувствуваат последиците од ова воено насилство.

„Свесни сме за сите контроверзи со кои сме се соочувале низ историјата; за сите странски инвазии кои сме ги претрпеле; за големиот број нешта кои ги делиме; за многуте напори за единство преземани во минатото, како и за оние напори денес преземани по наша сопствена иницијатива,, се вели во апелот на фондацијата „Балканика".

„Во моментов кога внатрешниот конфликт и надворешната интервенција создадоа акутна криза во регионот; сега кога луѓето во Косово и Србија се истребуваат; кога градовите, болниците и мостовите се уништуваат; кога караваните бегалци ги поплавуваат патиштата; кога хуманоста е во опасност; ние сакаме да го кренеме својот глас во полза на сето она што ни е заедничко, во полза на сложените напори за постигнување мирно сожителство.

Од тие причини бараме: НАТО да престане да ја бомбардира Југославија; да запрат сите воени дејствија и каква и да е форма на етничко чистење на Косово; безбедно враќање на бегалците во нивните домови; да се признаат политичките и човековите права, како и автономија на косовските Албанци; почитување на постоечките граници и последно, но не и најневажно, решенијата да бидат донесени на преговарачка маса, а не на военото поле,,.

Потписници на овој апел се членовите на Управниот одбор на фондацијата „„Балканика" и 67 писатели од Грција, Македонија, Турција, Бугарија и Романија. Но, колку што можевме да забележиме, меѓу потпишаните нема писатели од СР Југославија и Албанија.